Сиг. 0801-43

9+

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Инв. Бр. 4/9

*ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ*
*во реформираното средно образование*

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ПО

# *ЛИКОВНА УМЕТНОСТ*

Подготви:

Петре Наневски

Скопје, 2004 година

## 1. ПОТРЕБА

Потребите на современиот живот наложуваат сè поквалитетно образование со широки хоризонти на знаења и способности кои треба да ги стекнуваат учениците. Редовната настава во гимназиското образование со Наставните планови и програми не ги исцрпува можностите за едукација и обука на младите, туку се неопходни и други разновидни патишта кои ги пружа воннаставната и вонучилишната работа. Меѓу алтернативните форми на образование и ширење на културата се и разните невладини асоцијации и стручни здруженија со своите Програми и Проекти, стручните установи и медиумите со современата технологија: ТВ, компјутерската техника –интернет итн.

Потребата за поуспешно вклучување на младиот човек во општеството и во стопанските процеси, наложува паралелно со редовната настава и другите форми на образование, да се развиваат и карактерните особини на ученикот. Тоа се неговата индивидуалност, иницијативност, способност за организација на работата, оспособување за создавање визија за задачата која треба да ја оствари и дисциплина во нејзината реализација, флексибилното мислење во барањето квалитетни решенија, ангажираност на единката од мотивацијата па сè до завршните работи на проектната задача. Во процесот на образованието и воспитанието, значајна е и соработка со други стручни лица и колеги од училиштето и надвор, користење на разни капацитети во установи (дизајнерски и проектански бироа, производни погони, ателјеа на уметници итн). Проектните активности како специфичен вид на едукативни активности бараат наставникот во менторската работа да изнаоѓа нови и разноцидни медодолошки решенија за постигнување на целите. Тој треба да покажува умешност за поразновидна организација на работата, создавање на поголема доверба и послободна и неформална соработка со учениците, родителите и други лица, флексибилна комуникација и др.

## 2. ЦЕЛИ

### 2.1. Општи цели

-Воведување на учениците во процесите на настанувањето на видови на ликовни дела ;
- развивање на индивидуалните карактеристики на ученикот, иницијативност во создавањето визија за ликовна реализација, организација на работата, комуникацијата, решавањето на тековните секојдневни задачи и во ликовното творештво;
- поттикнување на ученикот за забележување на ликовни вредности во околината и селектирање на визуелни сензации и нивно ликовно трасформирање;
- совладување на нови технолошки постапки во употребата на ликовните материјали и техники, формат – големина на подлогата и др.;
- оспособување на учениците за самостојна истражувачка работа во користењето на елементи од ликовниот јазик, ликовни материјали и техники и во областите на теоријата на уметноста (естетиката, историјата на уметноста, ликовната критика);

- формирање навика за тимска работа со други ученици и развој на чувството за одговорност во извршувањето на задачата;
- презентација на своите ликовни творби на училишна или друга младинска изложба.

## 2.2. Конкретни цели

- Оспособување на ученикот за избор на тема и мотив за проектна задача и создавање визија за нејзината финална реализација;

- поттикнување на интересот за ликовно творење и креативно остварување на ликовната замисла во материјал во разни ликовни подрачја и техники;

- создавање интерес и навика за посета на изложби и други ликовни манифестации и ширење на ликовната култура;

- истражување во примената на ликовниот јазик и ликовните материјали и техники, и изнаоѓање индивидуален ликовен израз (стил);

- индивидуално креирање на ликовно дело (проект) од стандарден или голем формат и учество во тимска изработката за дело од големи димензии (за естетско уредување на ентериерот или екстериерот на училиштето) и др.;

- создавање навика за аналитички приод за организацијата и за реализацијата на проектната задача (изработка во пишана форма на идејната концепција, скици, студија, финансиска конструкција и др.);

- оспособување за естетска валоризација на резултатите и умеење за преставување (организација на изложба) и теоретско образложение на делото;

- поттикнување на индивидуалната иницијатива за организацијата и реализација на проектна задача и соработка со стручни лица и установи за реализација на целта;

- презентација на ликовните остварувања на самостојни или групни изложби во училиштето и за пошироката јавност во галерии и на други места;

- објавување на своите пишани трудови (ликовнан критика, есеј, предговор за каталог и др.), вио училишни списанија, младински весници, ликовни каталози и др.

# 3. ОПШТИ НАСОКИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

- годишниот фонд на часови со обем по **35 часа** (и повеќе ако ученикот покажува интерес)

- *а)* **15 часови** кои наставникот ги користи за давање општи насоки за избор на медиум (ликовно подрачје, техника, правец и сл.), објасненија за методологијата на работа, организација на спроведувањето на замислата, вршење коректури во текот на творечкиот процес и насоки за презентација и образложение (теоретски осврт на остварената проектна задача);

*б)* **20 часови** (може и повеќе часови зависно од интересот на ученикот и обемот на проектната задача), кои учениците ги користат за изработување на проектната задача и презентација на приказот на проектот. Особено во овој дел од работата ќе дојде до израз индивидуалната ангажираност на ученикот и слободата на творештво и можностите на сорaработка надвор од училиштето.

- реализација во наставните години - **од I до IV**;
- реализација по слободен избор на ученикот во училиштето и надвор од него (дизајнерски бироа, производни погони на работни организации, ателјеа на уметници, занаетчиски дуќан итн.).

## 4. ОРИЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ ВО ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

• Глобална тенденција на проектните активности во ликовната уметност е поттикнување на иницијативата и самостојното ликовно (теоретско или практично) творење и развој на креативните способности на ученикот. Во таа насока е и ширењето на општата и ликовната култура преку користењето на училишните и надворешните ресурси (стручни лица, установи, здруженија, музеи, дизајнерски бироа, производни капацитети на претпријатија и др.). Дел од ликовната продукција на учениците ќе биде наменета за обликување на естетскиот амбиент на ентериерот и екстериерот на училиштето. Потоа активности за соработка со другите секции и наставни предмети во збогатување на културниот живот на училиштето (ликовно уредување на сцената и костимографијата за одредена претстава за патрониот празник или друга пригода, дизајнирање на училишниот весник итн.).

* Реализација на проектните активности ќе се спроведуваат со организација на работата во одделни фази почитувајќи ги законитостите на процесот на настанувањето на ликовното дело:

- воочување на ликовниот проблем и критичка процена на информациите;
- инкубација, опуштање, фантазирање, дивергентно мислење, игра.
- креативна игра (илуминација), (изработка на скици, комбинации, истражување, дефинирање на ликовната идеја).
- реализација во материјал на ликовната идеја.
- верификација – проценување на постигнатиот резултат.

Процесот на остварувањето на проектната активност содржи откривање на ликовната идеја, планирање на работата, организација и реализација на замислата при што се користат новите сознанија за ликовните уметности и користење на современата технологија - интернет во собирање на податоци и компјутер во изработката на скици или идејни решенија за графичкиот дизајн.

• Можностите за реализација на Проектните задачи се разновидни, но пожелно е да бидат насочени кон проекција на замислата во вид на теоретска поставеност во пишана форма (хипотеза, односно елаборација на идејата – ликовната замисла кога се работи за ликовно – творечка работа), избор на материјали, простор, спецификација на трошоци и др. Потоа работата треба да опфати истражувачка работа, набљудување, собирање на информации и создавање на белешки – изработка на скици, соработка со други членови на групата, кога се работи за групна работа и др.

* Во проектните активности треба да доминира самостојната творечка работа на учениците во областа на ликовната теорија или ликовната

практика. Во оваа област ќе се овозможува целосна иницијатива и слобода на избор на тема, медиум (ликовно подрачје и техника), и целосно ангажирање на учениковите потенцијали и намена на остварените дела и соработка со стручни лица и други субјекти.

## 5. ОБЛАСТИ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Проектните активности ќе се одвиваат во две области од културата и творештвото: ликовната теорија и ликовната практика.

### 3.1. Проектни активности од областа на *ликовнаша шеорија*:

- историја на уметноста;
- ликовна критика;
- естетика;
- ликовен јазик – елементи ипринципи

### 3.2. Проектни активности од областа на *ликовнаша йракшика* (реализација на ликовни дела во материјал во одредено ликовно подрачје и техника):

- цртање;
- сликање;
- скулптура;
- графика;
- Дизајн (применета уметност) и визуелни комуникации;
- Архитектура

## 6. ТЕМИ ЗА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ

Зависно од просторните и материјално – техничките услови во училиштето и надвор од него, учениците проектните задачи ги избираат, односно предлагаат од областите: ликовна теорија иликовна практика. Понудената листа на теми има ориентациона намена, а наставниците можат да ја изменат, дополнат и да внесат содржини кои учениците сами ќе ги избираат и предлагаат согласно нивниот интерес, желби, сензибилитет и други мотивации.

**Ликовна теорија**

Теми од историјата на уметноста:

- Истражување и разработка на одреден ликовен стил од историјата на уметноста (општествени, економски, културни и други процеси за настанувањето на стилот во ликовната уметност и пошироко во уметноста;
- Разработка на одреден ликовен правец во развојот на ликовната уметност (општествени, економски, културни и други процеси);

- Осврт на ликовниот опус на одреден ликовен уметник (живот и дело);
- Анализа на естески вредности на одредено ликовно дело (време на настанување, општествени, економски, културни и други процеси за настанувањето), влијанието на делото за натамошна определба на самиот автор итн.
- Компарација на одредени уметнички стилови, правци; ликовни уметници; дела и др:
- Истражување за развојот на архитектурата во разни периоди и географски простори (стилови, реализирани објекти, автори и др.).

Теми од ликовната критика:
- Посета на ликовна изложба и пишување на индивидуален критички осврт за изложбата или посебно за одредено ликовно дело (или дела);
- Анализа на карактеристики за ликовното творештво на одредена генерација на ликовни творци (според поставка на ликовни дела во музеј или според претходни ликовни критики и есеи од поранешни ликовни критичари и теоретичари на уметноста);
- Критички осврт на одреден ликовен правец, група на творци (футуристи, надреалисти и др.), творец, ликовно дело итн;
- Ликовна критика на ученичка изложба (во училиштето, годишна изложба на ученици од средното образование и др.);
- Есеј за карактеристиките на современата уметност (во светот, Македонија, за група уметници, поединци, ликовни подрачја, (цртање, сликање, графика, скулптура, дизајн, архитектура), ликовни дисциплини и др.

Теми од естетиката:
- Осврт (анализа) на естетските концепции на уметноста - културата на античките народи и цивилизации и создавањето на правила (канони), египетски, грчки, римски, византиски итн.;
- Карактеристики на сфаќањата за естетиката на антиката: Платон; Аристотел и др.; ренесансата: Фибоначи, Леонардо: и посовремени мислители иестетичари: Кант, Хегел, Кроче, Арнолд Хаузер и други;
- Современи тенденции во естетиката;
- Осврт на естетиката на одредена изложба на ДЛУМ, група на автори, ликовен творец, поврзаност со другите видови на уметност (музика, театар, танц, литература, филм итн).

Теми од ликовниот јазик - елементи и принципи:
- Анализа на развојот на ликовниот јазик од антиката до денес и карактеристики на одредени периоди;
- Ликовните елементи и принципи во цртањето; сликањето; скулптурата; графиката, дизајнот; архитектурата и спецификите на ликовниот израз;
- Анализа на примената на доминантни ликовните елементи и принципи во одреден уметнички стил; правец, група автори, творец, ликовно дело и др.;
- Осврт на примената на одредени ликовни елементи во разни ликовни подрачја – карактеристики (разлики и сличности).

- Доминација на одредени ликовни елементи во уметноста на одредени нации (поднебја) или географски подрачја (на пр. линијата и плоштината во јапонската уметност и сл.).

**Ликовна практика**

Учениците според индивидуалниот афинитет и интерес можат да изберат содржини за индивидуално ликовно творење од разни ликовни медиуми и да учествуваат во групи (во вид на секции и клубови: сликарски, графички, скулпторски итн.) од следните ликовни подрачја:

Цртање:

- Изработка на скици, кроки како подготовка за разработка на одредена ликовна идеја;
- Изработка на цртеж (серија на цртежи) во одредена (или различни) ликовна техника и материјал, мотив, подлога и големина и примена на одреден ликовен елемент (со цел да се истражат изразните можности на ликовната техника и материјалот, примената на ликовниот (ните) елемент (и) и сл.;
- Изработка на сдудија на одреден(и) мотив(и) (портрет, фигура, пејзаж, мртва природа и др.;
- Изработка на "картон" – цртеж во размер 1:1 како подготовка за реализација на друго ликовно дело (слика, релјеф, фреска, мозаик и др.);
- Изработка на цртеж со индивидуални креативни карактеристики.
- Примена на тонски градации во цртежот;
- Користење на одреден ликовен елемент во разни варијанри во серија на цртежи.
- Избор и примена на разни ликовни елементи и принципи во цртањето.

Сликање:

- Изработка на скици со колористички варијанти за разработка на одредена ликовна идеја;
- Изработка на сликана творба во одредена ликовна техника, мотив и формат;
- Истражување на примената на разни ликовни техники и материјали во сликањето на ист (различен) мотив во разни варијанти;
- Студија на портрет, фигура, пејзаж со примена на локална боја;
- Сликање на одреден мотив со примена на локални бои, а потоа истата композиција да се наслика со апстрактни бои;
- Користење на ахроматки бои во ликовниот израз;
- Примена на основни; секундарни; комплементарни; топли; студени; бои во сликањето на одреден мотив;
- Користење на тонско степенување и топло –студен контраст за приказ на просторност и др.

Скулптура:

- Изработка на скици во цртеж или глина за реализација на скулптура од поголем формат;
- Реализација на скулптура според слободна замисла во одреден материјал: глина, стиропор, дрво, камен, метал и др.

- Изработка на студија со глина на портрет; фигура; животно; композиција со две и повеќе фигури;
- Моделирање на релјеф (плиток, висок, негативен);
- Конструирање на скулптура од разни материјали – асамблаж;
- Реализација на скулптура во теракота (глина и печење);
- Колорисање на скулптура за одредена намена

Графика:
- Изработка на скици (црно – бели и во боја ) за графички решенија;
- Истражување на примената на монотипија, гротаж (црно –бели и во боја);
- Реализација на графика во различна техника: линорез; дрворез; литографија; сува игла (со користење на капацитети надвор од училиштето и соработка со одреден уметник) и др.;
-Користење на текстура во графиката со црно – бели односи или во боја;
- Изработка на графика во боја;

Дизајн:
- Изработка на скици за дизајн на текстил за разна намена (облека, домакинство и др.);
- Реализација на нацрт на облека (комплет или дел) за одредена сезона или потреба (свечена, работна, спортска) или за одредена возраст (детска, за млада или возрасна личност, машка, женска итн.), и по можност остварување на идејата во материјал;
- Изработка на нацрти за костими за училишната театарска или музичка престава;
- Изработка на ликовни решенија за графички дизајн: плакат за училишна манифестација, илустрации (за училишниот весник), корица за книга, лого и др).
- Изработка на нацрт за индустриски дизајн (скици, цртежи, тридимензионални решенија) за автомоби, мобилен телефон и др.
- Реализација во материјал на идејно решение -дизајн во соработка со одредена установа или работна организација.

Архитектура:
- Изработка на скици – цртежи за одреден архитектонски објект (младински клуб, детско игралиште и сл.);
- Израбитка на елементарен цртеж за одреден архитектонски објект;
- Реализација на макета за одреден објект (вила на планина или др.).
- изработка на приказ на основни елементи на урбанистичко решение на одреден простор и др.

Групни ликовни творби од голем формат:
- Набљудување на просторот на училиштето (ентериер и екстериер) и набележување на идеи (бура на идеи) за естетско обликување на одредена просторија, хол, односно на училиштето во целина;
- Подготовка на елаборат за естетско уредување на училиштето со конкретни предлози и нивно образложение;

- Изработка на групна ликовна творба (цртеж, слика, скулптура, графика) за естетско уредување на дел од ентериерот или екстериерот на училиштето;
- Обликување на идејно решение и реализација на пано за експонати од друг наставен предмет (историја, биологија и др.);
- Изработка на проект за современи ликовни реализации: интервенција во просторот; акција; хепенинг и др.;
- организација на ликовна изложба (индивидуална ученичка изложба, на паралелка клас –година итн.);

За реализацијата на индивидуалните проектни задачи од ликовната практика ќе треба да се изработи и текст (кусо теоретско елаборирање) за ликовната замисла, организација на работата: просторни услови, спецификација на потребниот материјал, финансиска конструкција, етапи на реализацијата и др.

Реализацијата на проектната задача може да се остварува со спојување на најмалку два часа, односно на четири часа што ќе се остварува во еден ден во месецот (сабота или друг ден во месецот).

## 7. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Организацијата на Проектните активности може да се оствари во вид на клубови, секции или групи (сликарски клуб, вајарски, графички, за дизајн итн.). Учениците при изборот на групата (клубот - секцијата) каде ќе учествуваат, односно со кое ликовно подрачје ќе се занимаваат, пожелно е да се занимаваат со тој медиум подолг период (на пр. едно полугодие) со цел да навлезат во таа проблематика (сликарството или скулптурата итн.). Секако дека ученикот може да твори во одреден медиум и подолг период (следните неколку години), но менторот добро е да го насочува ученикот повремено ликовно да истражува-експериментира и во друга област (ликовно подрачје, техника, материјал итн. или во областа на теоријата на уметноста).

Бидејќи во ликовно – творечката работа преовладува индивидуалната форма на работа, може да се користат разни организациони можности: паралелно може учениците да реализираат секој своја проектна активност во исто време во училиштето и надвор од него, а наставникот да врши коректури и друга советодавна работа. Исто така може наставникот поединечно да работи со секој ученик во различно време и надвор од училиштето во ателје на некој уметник, проектанско биро за дизајн, работна организаци итн. Во овој случај ученикот ќе работи самостојно, а наставникот повремено ќе го упатува во општите тенденции и замисла на ученикот. За естетското уредување на ентериерот и екстериерот на училиштето, често, поради големината на димензиите ќе треба да се изведува ликовното дело на самото место – во холот, ходникот на ѕид или на застаклени површини на училиштето или на отворен простор во дворот на училиштето. За овој вид на ликовни интервенции е потребна посебна организација и подготовка како на пример изработка на посебна безбедна конструкција - скеле за работа на повисоките делови на ѕид, спецификација и набавка на материјали и помагала и друго. За солидна организација на работата е неопходно навремено обезбедување на ликовен материјал, алати и помагала за што претходно се врши соодветна

спецификација и финансиска конструкција во рамките на концепцијата за проектната активност.

Во организацијата на работата спаѓа и соработката со други установи од културата, невладини организации, здруженија и поединци за реализација на некој заеднички Проект или организација и реализација на заедничка манифестација со учениците и наставниците од другите наставни предмети и сл.

### Обврски на наставниците

- Зголемена ангажираност како наставник – ментор, поради неповолниот статус на предметот во системот за образование ;
- планирање на активностите за долгорочен (од неколку години на пр. за естетско уредување на ентериерот и екстериерот на училиштето) и краткорочен период (за една учебна година ;
- формирање на групите зависно од условите во училиштето (просторни, материјално – технички и временски и др.), според одредени можности:
    а. групите може да се формираат според возраста на учениците (годината –класот) ;
    б. според интересот за занимавање со одредено ликовно подрачје во вид на групи клубови: сликарски клуб – група, скулпторски, графички, за дизајн, за ликовна теорија историја на уметноста –ликовна критика итн. ;
- одредување на времето - деновите и часовите кога ќе се изведуваат активностите во училиштето со тенденција овие активности да не го попречуваат изведувањето на редовната настава;
- воведување на учениците во општата проблематика на проектните активности и посочување на карактеристиките и можностите за избор на теми од ликовната теорија и ликовната практика (ликовно подрачје) ;
- конкретизирање на задачите, роковите и можностите за соработка и вршење на избор (предлагање) од учениците за одредена проектна задача ;
- инструктивна помош на ученикот (групата) за извршување на задачата ;
- вршење коректури и друга советодавна работа при обликувањето на творечката идеја на учениците;
- регистрирање на активностите и евидентирање на работата на секој ученик и завршување на задачата во портфолија и др.

### Обврски на учениците

- Избор на одредена проектна активност и тема, медиум и постапки на работа од секој ученик според сопствените интереси и склоности;
- ангажирано и совесно обликување на проектната задача во одреден временски период;
- соработка со другите ученици, наставници и родители и други во реализацијата на проектната задача (ликовно дело) од голем формат за потребите на училиштето и за други потреби (подарок на одредено лице, установа и др.;

- перманентна соработка на учениците (меѓусебе и со наставникот и др.) за постигнување подобар квалитет и рационалност;
- самостојно организирање на изложба или манифестација и теоретски критички осврт (во вид на предговор за каталог или др.) во училиштето, ликовна галерија или настап на друго место (ТВ).

**Соработка**

-Соработка со другите ученици од групата (тимот), паралелката и другите во училиштето;
- со предметниот и со другите наставници и други стручни лица надвор од училиштето;
- со лица од педагошко – психолошката служба и со надворешни соработници;
- со ликовни уметници, критичари и други од областа на образованието и културата и други;
- соработка со институции од образованието, културата, невладини организации стручни здруженија и други.

Норматив за наставен кадар:

Проектните активности може да ги извршува лице со:

1. Завршени студии по ликовни уметности - педагошки оддел, VII-1;
2. Завршени студии по ликовни уметности - други оддели и се стекнал со педагошка, психолошка и методска подготовка на факултетот за ликовни уметности, VII - 1 .